Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 93/0306
18.05 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 април 2023 година, врз основа на примена жалба од политичката партија ВМРО – ДПМНЕ, го донесе следното:

# М И С Л Е Њ Е

**Текстот насловен „Кои пратеници гласаа против амнестија на уставобранителите“, објавен на 17 март 2023 годинам на интернет – порталот „Антропол.мк“ отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 19 март 2023 година, политичката партија ВМРО-ДПМНЕ поднесе жалба за текстот со наслов „Кои пратеници гласаа против амнестија на уставобранителите“, објавен на 17 март 2023 година на интернет – порталот „Антропол.мк“.

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно известување, односно дека е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, но исто така и членовите 5 и 10.

Дополнително, жалитетот наведува дека во текстот на порталот стои дека „меѓу пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои гласаа против амнестија на уставобранителите се и пратеничките Олга Лозанковска, Иванка Василевска, Силвана Ангелевска, Мирче Аџиоски и Иван Стоилковиќ.“ Притоа, политичката партија нагласува дека овој дел од текстот „е лага, која е демантирана и во самиот текст со слика/принт скрин од листингот на гласањето, на кој се гледа дека наведените пратеници воопшто не гласале за предлогот.“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Антропол.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека во текстот и емисијата објавени на „Антропол.мк“ е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

Комисијата за жалби не најде елементи дека во новинарскиот производ има повреда и на членовите 5 и 10 од Кодексот на новинарите, на кои упатува жалителот.

*При изготвувањето на мислењето, Комисијата за жалби констатираше дека интернет – порталот „Антропол.мк“ не е член на Советот за етика во медиумите и на Регистарот на професионални онлајн медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 25 април 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата едногласно утврди дека предметниот текст е непрофесионален и неетички. Комисијата одлучи дека во текстот се објавени неточни информации за гласањето на дел од пратениците на ВМРО - ДПМНЕ во однос на амнестијата на учесниците на протестите на 27 април, 2017 година.

Во текстот на порталот „Антропол.мк“ се истакнува дека „иако официјално дадоа поддршка за Законот за амнестија, дури осум пратеници на опозициската ВМРО-ДПМНЕ не гласаа за законот, меѓу кои и потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Александар Николоски и координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Мицевски.“ Во текстот се наведува и дека „меѓу пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои гласаа против амнестија на уставобранителите се и пратеничките Олга Лозанковска, Иванка Василевска, Силвана Ангелевска, Мирче Аџиоски и Иван Стоилковиќ. Од која причина сите пратеници на ВМРО-ДПМНЕ не гласаа за слобода на уставобранителите иако го поддржаа и тие го поднесоа законот останува непознато. Се поставува дилемата дали овие пратеници се оние проевропски пратеници кои се спремни да гласаат за уставни, а за кои во неколку наврати говорат високи претставници на власта.“

Порталот „Антропол.мк“ во истиот текст објавува и официјални резултати од гласањето на пратениците, кои потврдуваат дека не е точна информацијата дека 8-те пратеници гласале против законот. Поконкретно, посочените пратеници воопшто не гласале за предлогот, ќто значи дека не гласале против.

Комисијата констатира дека медиумот не нуди точна информација, бидејќи во самиот текст има контрадикторност на податоците. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Ова особено во случаи кога медиумот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика, како што е директното обвинување дека политичката партија не го поддржала Законот за амнестија на учесниците во настаните од 27 април 2017 година.

Во однос на наводите на жалителката дека во текстот се прекршени и членовите 5 и 10 од Кодексот на новинарите, Комисијата не најде доволно елементи за да констатира такво отстапување од Кодексот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595